Редовен член на *Друштвото* може да биде секој дипломиран археолог кој професионално врши работи од областа на археологијата или сродните дисциплини на територија на Република С Македонија.

Надворешен член на *Друштвото* може да биде лице кое има диплома од сродните дисциплини, а кое професионално врши работи од областа на археологијата и кое допринесува за унапредување и развој на археологијата.

За почесен член на *Друштвото* се прогласува редовен или надворешен член на *Друштвото* или член на други здруженија и асоцијации на професионални археолози со слична цел, кој остварил особени успеси во унапредувањето и развојот на археологијата, преку теренски истражувања, публикации и промоција на археологијата.

Пензионираните археолози, членови на *Друштвото* имаат одобрен попуст на членарината и еднакви права како и редовните членови.

Студенти по археологија се избираат во членови на *Друштвото* без право на глас во Собранието. Студентите имаат одобрен попуст на членарината.

Редовен член на *Друштвото* може да стане секој археолог кој доброволно ќе пристапи во *Друштвото* со поднесување на пријава за членство.

Придружни документи - биографија со библиографија поднесуваат кандидатите за редовни и надворешни членови при прво пристапување во *Друштвото* и студентите при изминување на статусот на студент и преминување во редовен член.

Со потпишување на пријавата за членство во *Друштвото*, членот се согласува во целост да ги почитува одредбите во Статутот на *Друштвото*, како етичките и професионални стандарди пропишани во Етичкиот кодекс на *Друштвото*.

Зачленување во редовното членство на *Друштвото* се врши по објавен јавен повик на интернет страната и социјалните мрежи на *Друштвото* за пристап на нови членови.

Повикот се објавува еднаш годишно, најдоцна 2 месеци пред одржување на Годишното собрание.

Рокот за пријавување на нови членови во *Друштвото* е 20 дена од објавување на јавниот повик.

Пријавата со придружната документација ја прима и разгледува Претседателството и ја предлага на усвојување на Собранието.

Почесен член на *Друштвото* се избира по поднесен предлог од страна на редовен член на *Друштвото*. Предлогот содржи биографија и библиографија и образложение на придонесот на лицето кое се предлага за почесен член.

НАЛОГ ЗА ПРЕНОС

ДАТУМ НА ВАЛУТА

## НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ

АДРЕСА

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ЧЛЕНАРИНА ЗА 202_ ГОДИНА

МАД

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ(ЗАДОЛЖУВАЊЕ)

ПОТПИС

## ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ

МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО

КЕЈ. ДИМИТАР ВЛАХОВ, БР. 19, СКОПЈЕ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

2 0 0 0 0 0 0 0 3 5 0 2 4 6 8

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

ИЗНОС

MKD 1,000.00

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ(ОДОБРУВАЊЕ)

ШИФРА

2 8 9

НАЧИН

2

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

E Bank

ОБРАЗЕЦ ПП30